# ГЕНГИГЕЛ® / GENGIGEL®

**(Хијалуронска киселина)**

**Гел за непца, раствор за промивање уста, спреј за непца**

## Ги обновува здравите непца, смирува воспаление и ја забрзува регенерација на оштетени ткива во усната празнина.

GENGIGEL® е медицинско помагало кое содржи хијалуронска киселина со висока молекулска маса (HMW) во облик на натриум - хијалуронат. Супстанцијата се произведува со биотехнолошка постапка која обезбедува висок степен на чистота.
Хијалуронската киселина е природна супстанција, претставува физиолошки составен дел на врзивното ткиво, особено во гингивите, овозможувајќи регенерација и намалување на отоци, поради противвоспалителното делување.
Во физиолошки услови, хијалуронската киселина се распределува селективно и специфично и се концентрира првенствено во надворешните слоеви на гингивите, поради што создава заштитен слој и помага во одржување на цврстината на забите.
Кај заболувања на гингивите (воспаленија, гингивални џепови, рани и тн.), потребата на ткивото од хијалуронска киселина значително расте (до 200% повеќе во однос на нормалните вредности), демонстрирајќи ја на овој начин својата специфична улога во обнова на ткивата во усната шуплина.

Недостатокот на хијалуронската киселина спречува во ткивото:
- воспоставување на нормална рамнотежа на слободна вода (како последица на што отоците и притисокот ја зголемуваат болката);
- активирање на миграција на фиброцитите (клетки кои придонесуваат за заздравување на ткивото) поради што заздравувањето е одложено.

Недостаток на хијалуронската киселина го продолжува времето на заздравување.
Истражувањата кај луѓето покажуваат дека егзогената хијалуронска киселина е со слични карактеристики на природната и го олеснува процесот на заздравување и обновување на ткивото.

GENGIGEL® е иновативен производ кој содржи долгоделувачка, со биотехнолошки процес произведена хијалуронска киселина. Нанесувањето на хијалуронска киселина помага во воспоставувањето на нормална рамнотежа на течности, овозможува регенерација на гингивите и забното ткиво, истовремено зголемувајќи го делувањето на природно присутната хијалуронска киселина. Хијалуронската киселина нема никакво локално, ниту системско фармаколошко дејство.
GENGIGEL® овозможува оптимално врзување и задржување на хијалуронската киселина (која би била отстранета со плунката) во гингивалното ткиво.

GENGIGEL® е исклучително сигурен производ, без контраиндикации и несакани ефекти. Може да го употребуваат деца, бремени жени и постари лица. GENGIGEL® е особено корисен кога другите антиинфламаторни средства се контраиндицирани. Производот исто така е погоден за употреба кај дијабетичари, бидејќи содржи природен засладувач ксилитол кој не предизвикува забен кариес и не доведува до значајни промени на нивото на глукоза во крвта. GENGIGEL® може безбедно да се употребува за време на специфични терапии (пример со антибиотици), бидејќи не се познати интеракции со други лекови.

**Кога се употребува GENGIGEL®:** Воспаленија (гингивитис, гингивално крварење, гингивални ретракции, гингивални џебови), други оштетувања на ткивото (абразија, вадење на заби, постоперативни опоравувања, итн.) и кај оние гингивални заболувања каде гингивалната мукоза има потреба од зголемена концентрација на хијалуронска киселина.

**Како се употребува GENGIGEL®:** после правилна орална хигиена (миење заби по секој оброк), нанесете GENGIGEL® на оштетените места 3 - 5 пати на ден. Се препорачува континуирана употреба 3 - 4 недели, се додека не се повлечат сите симптоми.
30 минути по нанесување на GENGIGEL®, не се препорачува конзумирање на храна и пијалоци.

**Гел:** се нанесува тенок слој од гелот на гингивалното ткиво, нежно масирајќи со чисти прсти, овозможувајќи правилна дистрибуција на мукозната површина.

**Раствор за промивање на уста:** се испира со 10мл (една доза) околу 1 - 2 минути. Производот е подготвен за употреба и не треба дополнително да се разредува.

**Спреј:** 1 - 2 прскања на воспаленото или заболеното место. Шишето треба да се држи исправено.
Производот не е штетен доколку се проголта.

**Предупредување:** Производот не се користи ако постои потврдена пречувствителност на некоја од составните компоненти на препаратот.
Доколку симптомите не исчезнат, консултирајте се со својот стоматолог.

**Начин на чување:** Производот да се чува на температура од 5°C до 40°C.

**Пакување:**

| | |
|---|---|
| ГЕНГИГЕЛ® / GENGIGEL® Гел: | 20ml туба. |
| ГЕНГИГЕЛ® / GENGIGEL® Раствор за промивање уста: | 150ml шише. |
| ГЕНГИГЕЛ® / GENGIGEL® Спреј: | 50ml шише. |

**Производител:**
RICERFARMA Srl, Via Egadi, 7 - 20144 Милано, Италија.

**Носител на одобрението за промет:**
Медис доо Љубљана, Претставништво Скопје,
ул.Вељко Влаховиќ 4/1-1, 1000 Скопје, Р. Македонија